Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-123/9
27.02. 2026 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), и член 12 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ број 06/05) Советот на Општина Градско на седница одржана на ден 11.12.2025 година донесе:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА,ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

**ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА**

**ОПШТИНА ГРАДСКО**

**2026 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на програмата за социјална заштита,заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на Општина Градско бр. 08-452/8 донесена од Советот на Општина Градско на ден : 11.12.2025 година.

**Член 2**

Во Програмата за социјална заштита,заштита на децата и здравствена заштита во Глава **III ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ЛОКАЛНО НИВО ,** точка 1. **Бесплатна градинка** , делот „Висината на месечната партиципација за згрижување на деца на возраст од 2 до 6 години, изнесува 1500 ден“ ,Согласно Правилникот за утврдување на износот за надоместок на трошоците за престој на деца во ОЈУДГ „Димче Мирчев “, донесен под архивски бр: 08-78/1 на ден : 09.02.2026год. се менува и гласи:

1. Висината на месечната партиципација за згрижување на деца на возраст од 2 до 6 години, за целодневен престој ќе изнесува 1990 ден.

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Градско“.

Совет на Општина Градско
Претседател
______________________
Драгана Данева